Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 29 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеснаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Флакрон Бецети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Борко Ристовски, министер за спорт

и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со потребата за донесување на Предлог - програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година и Предлог - уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка

2. Прашања и предлози

3. Информација за обезбедување гаранции и политичка заложба против ризици за суштинските безбедносни интереси на Европската Унија и земјите членки во рамки на програмата Дигитална Европа (Digital Europe Programme-DEP)

4. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*), по скратена постапка

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за донесување на Предлог - програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година и Предлог - уредба за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година.

2. Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка.

**Точка 2**

**1.** Владата го разгледа Барањето за формирање на работна група и го усвои со следните заклучоци:

1) Формира Работна група, составена од претставници од: Министерството за транспорт, Јавното претпријатие за државни патишта, Управата за имотно - правни работи, Надзорниот огран на Проектот, Изведувачот на Проектот, а во истата по потреба да бидат вклучени и од други релевантни страни и/или институции, со цел побрзо решавање на отворените прашања во врска со изградбата на автопатска делница Кичево – Охрид.

2) Се задолжува Работната група, да одржува состаноци, најмалку еднаш месечно.

**2.** По повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со Информацијата со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување и дополнување на Решението за изменување на членови на Националниот совет за развој, разгледана на Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 август 2024 година, точка 107, во однос на неможноста за дополнување на Националниот совет за развој, со член од Министерството за дигитална трансформација, поради постоење на законска пречка, Владата заклучи дополнетиот заклучок кој гласи:

„Истовремено, Владата заклучи Националниот совет за развој, да се дополни и со член од Министерството за дигитална трансформација.“, да изостане.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување гаранции и политичка заложба против ризици за суштинските безбедносни интереси на Европската Унија и земјите членки во рамки на програмата Дигитална Европа (Digital Europe Programme-DEP) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски, во име на Владата на Република Северна Македонија да потпише Писмо за заложба против ризици за суштинските безбедносни интереси на Европската унија и земјите членки во рамки на програмата Дигитална Европа (Digital Europe Programme-DEP).

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација, во рок од 15 дена, да формира Комисија за спроведување на механизмот на контрола и проверка на правните ентитети за имплементација на одредбите од договорот со Дигитална Европа и Европската комисија, која ќе биде составена со претставници од Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд, Министерството на надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за култура и туризам, Министерството за внатрешни работи, Министерството за европски прашања, Агенцијата за национална безбедност, Управата за финансиско разузнавање и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за економија и труд, Министерството на надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за култура и туризам, Министерството за внатрешни работи, Министерството за европски прашања, Агенцијата за национална безбедност, Управата за финансиско разузнавање и Централниот регистар на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да достават до Министерството за дигитална трансформација номинација за претставник на Комисијата за спроведување на механизмот на контрола и проверка на правните ентитети за имплементација на одредбите од договорот со Дигитална Европа и Европската комисија.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето-задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година.

## Точка 5

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*), по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*), по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Кујтим Ибиши, директор во Управата за финансиско разузнавање, м-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Иван Недев и Орнела Трајкоска Пендевска, раководители на сектор во Министерството за финансии.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Александар Николоски**